## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во својот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

**Позиција: Специјалист за медицински работи во ОТЦ**
**Оддел: Медицински работи, портфолио и трговски марки - ОТЦ**

Доколку сакате да бидете дел од тимот на Медицински работи, портфолио и трговски марки – ОТЦ, во модерна фармацевтска компанија која се грижи за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

### Како ќе ве препознаеме?

- Го имате следното високо образование: магистер по фармација/дипломиран фармацевт или доктор по стоматологија.
- Имате најмалку 3 години работно искуство во фармацевтската индустрија во областа медицински маркетинг и продажби и/или работно искуство во веледрогерија или во аптека.
- Специјалистички или постдипломски студии ќе се сметаат за предност.
- Поседувате одлични комуникациски и презентациски вештини.
- Самоуверени сте во работата со пакетот MS Office.
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.
- Возачка дозвола Б-категорија.

### Цели и одговорности на работното место

- Изучување на производите и изработка и/или контрола на сите видови промотивни материјали за портфолиото на ОТЦ
- Подготовка на стручни презентации и обука на стручно-комерцијалните тимови
- Континуирано пребарување и евалуација на нови производи, како и следење на активностите од областа на ОТЦ на светско ниво
- Активно учество во градењето глобална стратегија за портфолиото на ОТЦ
- Активно учество во креирањето и во одобрувањето на содржините наменети за дигиталните платформи
- Учество во организацијата на конгреси, симпозиуми и на други стручни настани
- Учество во реализацијата на постмаркетиншки истражувања
- Соработка со продуктните специјалисти/продуктните менаџери во претставништвата во однос на активностите за портфолиото на ОТЦ
- Следење на маркетинг-активностите и на продажбите од портфолиото на ОТЦ

### Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и бенефити во зависност од остварените цели

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/15

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè